Број 8 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2015 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2015 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/1**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на педесеттата седница, одржана на 9 јуни 2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2015 година**

1. Се усвојува Извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2015 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Полициската станица од Општа Надлежност Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/3**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за давање согласност за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Карпош, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/2**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница одржана на 9 јуни 2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Карпош**

1. Со овој заклучок се дава согласност на Центарот за управување со кризи при Владата на Република Македонија за започнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општината од сите ризици и опасности.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за управување со кризи, ПО-РЦУК Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-5125/4**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.4680 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.4680 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/3**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 9 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.4680 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-432 од 13.04.2011 година, на Лилјана Велковска од Скопје, ул.„Јуриј Гагарин“ бр. 42Б, за објект на дел од КП бр.4680 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-5125/5**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/4**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува издавањето под закуп на училишни спортски сали и друг простор во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош:

- ООУ „Аврам Писевски“-Бардовци
- ООУ „Братство“
- ООУ „Вера Циривири-Трена“
- ООУ „Владо Тасевски“
- ООУ „Димо Хаџи Димов“
- ООУ „Јан Амос Коменски“
- ООУ „Лазо Трповски“
- ООУ „Петар Поп Арсов“
- ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“

Училишните спортски сали и другиот простор, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издаваат за периодот од една учебна година - 2016/2017.

**Член 2**

Постапката за издавање под закуп на училишни спортски сали и другиот простор (холови и училници) во општинските основни училишта на територијата на општината, ќе ја спроведе Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, по претходно утврдени критериуми од страна на Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпош.

**Член 3**

Висината на закупнината изнесува:

- за закуп на училишен хол 5 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата;
- за закуп на училница 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата, и
- за закуп на училишна спортска сала 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Средствата од закупнината се наменети за потребите на општинските основни училишта.

**Член 4**

Издавањето на училишните спортски сали и другиот простор (холови и училници) во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош се врши преку јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Училишната спортска сала во општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ нема да биде предмет на издавање на основа на оваа одлука.
Истата ќе биде отстапена без надомест за користење на Друштво за спортски дејности „КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ - СОКОЛИ 2000“ АД- Скопје.

**Член 6**

Државниот музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски-Луј“-Скопје, како државно училиште ќе користи училници во општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ за одржување на клонска настава по солфеж, пијано и виолина, по завршувањето на редовната настава во училиштето, секој работен ден од 15.00 часот до 19.30 часот, за месечен надомест во износ од 4.500,00 денари.

**Член 7**

Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремац“-Скопје, како државно училиште ќе користи училница во општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“, за одржување на настава на учениците со посебни образовни потреби-жители на Општина Карпош, како подрачна паралелка, секој работен ден, без паричен надомест.

**Член 8**

Кошаркарскиот клуб „Водњански лисици“ се ослободува од плаќање надомест за користење на училишната спортска сала во ООУ „Владо Тасевски“ во термините кои ќе бидат определени.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-5125/6**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/5**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Одлуката-Поканата за свикување на собрание на акционери од Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје под бр. 0101-139 од 24.05.2016 година, која е примена во Општина Карпош на 02.06.2016 година и упишана под архивски бр. 09-5128, Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош го овластува членот на Советот на Општина Карпош - Горан Михајлов од Скопје со ЕМБГ 2105963450021 како овластен претставник на Општина Карпош, да го претставува Советот на Општина Карпош на Собранието на акционерите на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 14.06.2016 година со почеток во 11.00 часот, во просториите на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров во Скопје, на улица Вељко Влаховиќ бр.1А/1-2, Општина Центар, да одлучува во името на Општината и Советот на Општина Карпош, да го потпише Записникот од Собранието на акционери, како и сите потребни документи кои што ќе бидат користени во постапката, согласно предложениот дневен ред, а особено да одлучува и потпишува за:

1. Усвојување на завршна годишна сметка за 2015 година
2. Работењето во тековната година
3. Разно

Воедно горенаведеното лице го овластуваме да одлучува и потпишува за други статусни промени во друштвото, во рамките на предметот на работењето на друштвото, кои ке бидат предложени и усвоени на Собранието на акционери кое ќе се одржува на ден 14.06.2016 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/7**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за давање согласност за потпишување на договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа за наводнување на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“ - месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за потпишување на договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа за наводнување на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“-месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/6**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 9 јуни 2016 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност за потпишување на договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа за наводнување на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“ - месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2016 година

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност Градоначалникот на Општина Карпош да потпише Договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа за наводнување на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“ со Подружница „Скопско поле“ управувач со ХМЦ „Бардовци“ – дел од АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје

### Член 2

Општина Карпош, врз основа на потпишаниот договор да превземе обврска за плаќање кон Подружницата „Скопско Поле“ управувач со ХМЦ „Бардовци“-дел од АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост, износ од 360.000,00 денари без пресметан ДДВ од 5%, како надомест за покривање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа и за интервенции во услови на намалено ниво на вода кај тиролскиот зафат на реката Лепенец, со што ќе овозможи континуиран доток на вода за наводнување во месната заедица „Бардовци“.

### Член 3

Подружницата „Скопско Поле“-управувач со ХМЦ „Бардовци“, врз основа на потпишаниот договор и Одлуката за определлување на воден надоместок утврдена од одборот на директори на АД Водостопанство на РМ, да ги ослободи индивидуалните земјоделски производители од месната заедница Бардовци од обврската за плаќање на надомест за наводнување за 2016 година.

### Член 4

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година. Општина Карпош ќе има обврска да го плати вкупниот наведен износ на 2 (две) месечни рати, но не подоцна од 01.10.2016 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/8**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на АКУД „Мирче Ацев“ Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средстгва за реализација на дел од програмските активности на АКУД „Мирче Ацев“ Скопје, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/7**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

## ОДЛУКА
**за одобрување финансиски средства за реализација**
**на дел од програмските активности на АКУД „Мирче Ацев“ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето финансиски средства за реализација на дел од програмските активности, бр.11-5111/1 од 02.06.2016 година, доставено од АКУД „Мирче Ацев“ од Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 80.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/9**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на фолклорниот ансамбл студио „Етнос“ -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на фолклорниот ансамбл студио „Етнос“ -Скопје, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/8**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

## ОДЛУКА
**за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на фолклорниот ансамбл студио „Етнос“ -Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето финансиски средства за реализација на дел од програмските активности, бр.11-5052/1 од 01.06.2016 година, доставено од фолклорен ансамбл студио „Етнос“ од Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 80.000,00 денари за покривање на трошоци за котизација за учество, сместување и превоз.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/10**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за заслужен граѓанин на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за заслужен граѓанин на Општина Карпош, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/9**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за заслужен граѓанин на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства како помош на заслужниот граѓанин на Општина Карпош - Милорад Луковски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од половина месечна просечна плата, утврдена на ниво на Република Македонија, за седум месеци почнувајќи од јуни заклучно со декември 2016 година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година и истите ќе се исплаќаат сукцесивно, еднаш во месецот, вкупно седум месеци, почнувајќи од јуни заклучно со декември 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/11**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош- Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за Арбреша Реџепи**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за Арбреша Реџепи, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/10**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства за Арбреша Реџепи**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за обезбедување на авионски билети за учество на Европско првенство за кадети кое ќе се одржи во Ванта –Финска во предиод од 29 јуни до 3 јули 2016 година на натпреварувачката во џудо Арбреша Реџепи, која членува во џудо клуб „ИПОН“- СКОПЈЕ, во износ од 64.580,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-5125/12**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за наградување на индивидуално прогласен најдобар голман на државно првенство во ФУТСАЛ 2016 година**

1. Се објавува Одлуката за наградување на индивидуално прогласен најдобар голман на државно првенство во ФУТСАЛ 2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/11**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за наградување на индивидуално прогласен најдобар голман на државно првенство во ФУТСАЛ 2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува награда во вид на спортска опрема во вредност до 17.000,00 денари, на Филип Цантовски, ученик од ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, прогласен за најдобар голман на Државното првенство во ФУТСАЛ за 2016 година, кое се одржа во Вевчани, организирано од страна на Федерацијата на училишен спорт на Република Македонија.

**Член 2**

Покрај спортската опрема од член 1 на оваа одлука, Општина Карпош ќе обезбеди парична награда за наградениот спортист од членот 1 на оваа одлука, така што ќе исплати парични средства во износ од 10.000,00 денари без пресметан персонален данок, за што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечно решение.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-5125/13**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/12**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 2, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година се врши изменување и дополнување, така што во оддел II. Проектни активности, по точката 14 се додава нова точка 15, која гласи:

| 15. | **„БАСКЕРФЕСТ“ СКОПЈЕ**<br>**Темов ФШТ ДОО** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | „Баскерфест“ претставува прв уличен фестивал на Балканот, за сите возрасти, во кој учествуваат артисти од цел свет и кој изобилува со анимација и комедија.<br>Оваа година традиционално ќе се одржи по единаесетти пат во Скопје од 10 јуни до 13 јули и тоа во повеќе општини, а од минатата година и во повеќе градови во Македонија.<br>Оваа година за прв пат ќе се одржи во Општина Карпош во времетраење од два дена. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој фестивал е да го заживее духот на Скопје и да ги анимира и насмее присутните граѓани. |
| **Очекувани резултати:** | -Воодушевување и задоволство на публиката од спектакуларните настапи<br>-Проширување на фестивалот во повеќе општини и градови |
| **Целна група:** | Жителите на општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **120.000,00 денари** |
| **Трошоци** | - Артисти (превоз, сместување, храна и хонорар)- 100.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| | - Обезбедување на улична бина и поставување на „П“ на кое може да се постави банер на Општината- 12.000,00 денари<br>- Брошури и флаери - 6.000,00 денари<br>- Истакнување на логото на Општина Карпош и поддршка во лифлетот/весниче- 2.000,00 ден<br>- Поврзување на линкот на веб-страницата на Општина Карпош со веб-страницата на Фестивалот- 2.000,00 денари |

II. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година во оддел III.ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 3.450.000,00 се брише и заменува со износот 3.570.000,00 денари.

III. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

**Број: 09-5125/14**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/13**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 2, точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година се врши изменување и дополнување, така што во оддел II. Проектни активности, по точката 19 се додава нова точка 20, која гласи:

| 20. | ЛЕТЕН ОДМОР ЗА УЧЕНИЦИ ОД СЕМЕЈСТВА ВО ПОТЕШКА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА<br>ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош организира летен одмор за ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои припаѓаат на семејства во потешка материјално финансиска состојба.<br>Предвидено е летниот одмор да се реализира во август во одморалиштето на Црвен крст во Струга и да трае десет дена. |
| **Стратешки насоки и цели:** | -Забава и дружење на учениците<br>-Пливање, спорт и рекреација<br>-Посета на културно-историски обележја на градот |
| **Очекувани резултати:** | -Поттик за поуспешен почеток на следната учебна година<br>-Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **850.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | -Превоз, сместување, храна |

II. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година во оддел III.ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 14.780.000,00 се брише и заменува со износот 15.630.000,00 денари.

III. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/15**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/14**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002, Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

# Програма

## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година

I Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.15/2015), во глава II. Проектни активности, точка 1.Училишни спортски игри Карпош 2016, во делот „трошоци“ по последната алинеја 10 се додава нова алинеја 11 која гласи:

- „Училишни спортски екипи од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош кои ќе учествуваат на спортските натпревари во организација на Федерацијата на училишен спорт и ќе постигнат први или втори места на државно ниво, ќе бидат наградени од Општина Карпош со патување-екскурзија во една од збратимените општини, кое ќе се реализира во текот на јуни 2016 година“

II Во глава II. Проектни активности, точка 13.Финансиска поддршка на Друштво за спортски дејности „Кошаркарски клуб Карпош Соколи 2000“ АД Скопје, во делот „предвидена финансиска рамка“ се врши изменување и дополнување на начин што износот 20.000.000,00 денари се брише, а на негово место се пишува износот 30.000.000,00 денари.

III Во глава III. Финансирање, став 1 бројката 27.775.000,00 се брише и на нејзино место се запишува бројката 37.775.000,00 денари.

По изменувањето и дополнувањето, точка III Финансирање, став 1 гласи:
„Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 37.775.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година“.

IV. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-5125/16**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за наградување на училишните спортски екипи со освоени државни титули од општинските основни училишта од Општина Карпош со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора**

1. Се објавува Одлука за наградување на училишните спортски екипи со освоени државни титули од општинските основни училишта од Општина Карпош со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/15**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.15/2015), а во врска со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година (глава II.Проектни активности, точка 1.Училишни спортски игри Карпош 2016, во делот „трошоци“ алинеја 11) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за наградување на училишните спортски екипи со освоени државни титули од општинските основни училишта од Општина Карпош со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува награда во вид на екскурзија-патување на училишните спортски екипи со освоени државни титули од општинските основни училишта од Општина Карпош, во збратимената општина Тиват – Република Црна Гора, за следните училишни спортски екипи:

- Спортска екипа во одбојка од ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, за освоено прво место на државното првенство во одбојка што се одржа во оранизација на Федерација на училишен спорт во Валандово. Наградената екипа ја сочинуваат:

Наставник:
- Борче Божиновски,

учениците:

- Ања Цветкова,
- Елена Кормушоска,
- Анастасија Кормушоска,
- Марија Ристовска,
- Мартина Петроска,
- Тијана Чичоски,
- Искра Недевска,
- Тамара Чепуњоска
- Наташа Јовановска
- Кристина Цоковска и
  Леа Коцева

- Спортска екипа во ракомет (девојчиња) од ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, за освоено второ место на државното првенство во ракомет што се одржа во организација на Федерацијата на училишен спорт во Демир Хисар. Наградената екипа ја сочинуваат:

Наставник:
- Борче Божиновски,

учениците:
- Тијана Чичоски,
- Ангела Цветановска,
- Јана Паковска,
- Сара Гилеска,
- Јулијана Михајловска,
- Ива Мисовска,
- Александра Јоновска,
- Сара Ефремова
- Стефани Софтовска

**Член 2**

Патувањето-екскурзијата ќе се реализира во текот на јуни 2016 година.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/17**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за наградување на одбојкарскиот клуб ФИТ ФАН ВОЛЕЈ – Општина Карпош за титула – државен шампион со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора**

1. Се објавува Одлука за наградување на одбојкарскиот клуб ФИТ ФАН ВОЛЕЈ – Општина Карпош за титула – државен шампион со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/16**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за наградување на одбојкарскиот клуб „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“ – Општина Карпош за титула – државен шампион со екскурзија – патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува награда во вид на екскурзија-патување на одбојкарскиот клуб „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“ – Општина Карпош за освоена титула државен шампион во одбојка во најмлада категорија пионерки, во збратимената општина Тиват – Република Црна Гора.

**Член 2**

Наградената екипа ја сочинуваат:

Тренер:
- Благоја Ставревски

Играчи на екипата:
- Бојана Маројевиќ
- Ева Лазовска
- Марта Симоновска
- Климентина Чаповска
- Сара Петрушевска
- Сара Поповска
- Андреа Блажеска
- Анастасија Јакимовска
- Нина Пејдановска

**Член 3**

Патувањето-екскурзијата ќе се реализира во текот на јуни 2016 година.

**Член 4**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/18**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства- награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2015/2016 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2015/2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/17**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 4. Награди за полуматуранти- првенци на генерација („ Службен весник на Република Македонија” бр.15/2015), Советот на Општина Карпош на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на финансиски средства- награди на 10 ученици- полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2015/2016 година**

**Член1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на финансиски средства- награди во износ од по 10.000,00 денари, без пресметан персонален данок на десет ученици- полуматуранти од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2015/2016 година.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/19**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта за „Хорскиот натпревар меѓу училиштата“ во учебната 2015/2016 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта за „Хорскиот натпревар меѓу училиштата“во учебната 2015/2016 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јуни 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5316/18**
**Датум: 10.06.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 8.Хорски натпревар меѓу училиштата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година, („Службен гласник на Општина Карпош” бр.15/2015), Советот на Општина Карпош, на педесеттата седница, одржана на 09 јуни 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта за „Хорскиот натпревар меѓу училиштата“ во учебната 2015/2016 година**

**Член1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства на музичките педагози од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, кои се прогласени за најдобри ментори на одржаниот хорски натпревар меѓу училиштата за учебната 2015/2016 година, и тоа:

- за освоено прво место во износ од 12.000,00 денари, без пресметан персонален данок;
- за освоено второ место 9.000,00 денари (по 4.500,00 денари за поделено второ место), без пресметан персонален данок, и
- за освоено трето место 6.000,00 денари (по 3.000,00 денари за поделено трето место), без пресметан персонален данок.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-5125/20**
**Датум:09.06.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

## С О Д Р Ж И Н А


1. Заклучок за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2015 година,
2. Заклучок за давање согласност за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Карпош,
3. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.4680 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
4. Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош,
5. Одлука за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје.
6. Одлука за давање согласност за потпишување на договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа за наводнување на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“- месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2016 година,
7. Одлука за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на АКУД „Мирче Ацев“ Скопје,
8. Одлука за одобрување финансиски средства за реализација на дел од програмските активности на фолклорниот ансамбл студио „Етнос“ Скопје,
9. Одлука за одобрување на финансиски средства за заслужен граѓанин на Општина Карпош,
10. Одлука за одобрување финансиски средства за Арбреша Реџепи,
11. Одлука за наградување на индивидуално прогласен најдобар голман на државно првенство во ФУТСАЛ 2016 година,
12. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година,
13. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година,
14. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година,
15. Одлука за наградување на училишните спортски екипи со освоени државни титули од општинските основни училишта од Општина Карпош со екскурзија-патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора,
16. Одлука за наградување на одбојкарскиот клуб ФИТ ФАН ВОЛЕЈ – Општина Карпош за титула-државен шампион, со екскурзија-патување во збратимената општина Тиват-Република Црна Гора,

17. Одлука за доделување на финансиски средства–награди на 10 ученици – полиматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2015/2016 година и
18. Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта за „Хорскиот натпревар меѓу училиштата“ во учебната 2015/2016 година.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**